Јавно претпријатие за стопанисување на
јавно осветлување на општина Аеродром

Бр. 02-1461/1
26-10-2023 год.
СКОПЈЕ

*Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на Општина Аеродром - Скопје*
*(ЈП на општина Аеродром)*

# ТРИМЕСЕЧЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА ЈУЛИ, АВГУСТ И СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА

I. **ВОВЕД**

Согласно Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/2022 и 274/22) и Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром („Службен гласник на општина Аеродром“ бр. 12/22), потребно е да се изготви и достави Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие.

II. **ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Јавното претпријатие обезбедува висок квалитет на извршените услуги и доследно ги почитува принципите за сигурност, континуитет, транспарентнос, достапност и заштита на корисниците и потрошувачите.

III. **ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром ја следи состојбата со уличното осветлување и навремено превзема мерки за подобрување на состојбата. Се вршат и ноќни редовни контроли за согледување на состојбите и отстранување на утврдените дефекти, односно доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Редовното одржување и утврдувањето на дефекти на улично осветлување и проширување на уличното осветлување на места каде што ќе се јави потреба, се изведува преку поднесување на барања од страна на граѓаните во просториите на Јавното претпријатие, доставување на барање на е-пошта jp.sjo@aerodrom.gov.mk, пријавување по смс (24 часа) или со телефонски повик (од 07.30 до 15.30) на тел. број 072 270 - 886 , како и преку урбаните заедници во општина Аеродром.

Имено, во периодот јули-септември 2023 година се отстрануваа дефекти на 118 локации, и тоа:

Долно Лисиче ул.1 бр.13, Долно Лисиче ул.9 бр.17, Долно Лисиче ул.7, Ул.Горно Лисиче бр.51, Ул.Горно Лисиче кај црквата предпоследна на надвозникот, Ул.Горно Лисиче после надвозникот кај табла Шипад, Ул.Ѓорѓи Капчев бр.28, После ресторан Рагуза 919 детско игралиште Голомеиќ, Бул.АСНОМ позади бр.30, Бул.АВНОЈ позади бр.34 во парк, Бул.В.С.Бато катна гаража, Бул.АСНОМ спроти ФФМ и спроти

Пензионерски Рај, Ул.Бојмија кај кафичот и последна до ПИОМ, Ул.23 Октомври пред школо Браќа Миладиновци, Ул.Петар Ацев бр.26, Бул.Јане Сандански позади бр.52 во парк, Ул.Коста Новаковиќ пред градинка на раскрсница со Владимир Комаров, Ул.Петар Ацев меѓу бр.8 и бр.10, Ул.Венијамин Мачуковски бр.28/2 и бр.28/3, Ул.Анастас Митрев бр.20, Ул.Тодор Чангов 41 бр.41, Ул.Тодор Чангов 11 бр.7, Бул.АСНОМ бр.16, Бул.АСНОМ меѓу бр.16 и бр.18, Бул.АСНОМ меѓу бр.18 и бр.20, Ул.Венијамин Мачуковски позади бр.20, Бул.Јане Сандански бр.40 парк, Бул.Јане Сандански бр.32 позади паркинг, Парк на Езерата, Бул.Јане Сандански бр.84, Ул.Февруарски Поход ТС Ново Лисиче 36 бр.101755, Бул.Јане Сандански позади бр.35 и бр.40 , Бул.Јане Сандански позади бр.3 , ТС Острово 14 бр.991, Бул.Србија игралиште за кошарка спроти крстот, Ул.Тодор Чангов према Богомилски Поход, Бул.В.С.Бато бр.39,бр.41, Бул.В.С.Бато катна гаража, Ул.Симеон Кавракиров позади Стокомак, Ул.Анастас Митрев бр.24, ТС Острово 8 бр.100936, Бул.Јане Сандански спроти бр.100, О.У Александар Македонски уклучување на игралиште,Бул.В.С.Бато уклучување на игралиште Нинберг, Уклучување на кошаркарско игралиште на раскрсница брл.Србија со бул.12та Ударна Бригада, Уклучување на игралиште на последна 5ка и 15ка, Бул.АСНОМ позади бр.30 уклучување на фудбалско игралиште, Ул.Бојмија бр.8, Ул.Владимир Комаров бр.10,бр.14 и бр.16,бр.19 во парк, Ул.Владимир Комаров во О.У Браќа Миладиновци уклучување на игралишта, Ул.Анастас Митрев уклучување игралиште, Бул.АСНОМ бр.162 уклучување игралиште, Уклучување игралиште Три Бисери , Уклучување игралиште во О.У Ѓорѓија Пулевски , Уклучување на кошаркарско игралиште позади градинка до О.У Ѓ.Пулевски и позади бр.35, Уклучување на игралиште на бул.АВНОЈ позади бр.34 во парк, Уклучување на игралиште спроти полицијата на бул.Србија, Уклучување на кошаркарско и фудбалско игралиште на бул.Јане Сандански бр.83, Ул.Тодор Чангов 33 бр.5, Ул.Гаврил Константиновиќ пред чевларот и кај игралиште, Ул.Лисец бр.52, Бул.Трета Македонска Бригада згр.бр.43 пред влез 1,позади влез 1,позади влез 5,пред цвеќара, Ул.Божин Николов Силни бр.86, Бул.АВНОЈ бр.42, Бул.АВНОЈ бр.48, Бул.Јане Сандански 21/1, Србија 1 бр.3А, ул.Февруарски Поход позади Рамстор, ул.Тодор Чангов ул.9 бр.4, ул.Богомилски Поход бр.16 и бр.26, Ул.23 Октомври бр.1 пред Автошкола Болана, Ул.23 Октомври бр.1 пред тунел, Бул.Трета Мак.Бригада бр.31 Винер , Бул.АСНОМ бр.38, Ул.Ѓорѓи Капчев 31, Ул.Оризница , Долно Лисиче ул.1 во парк,ул.2,ул.10,ул.11 и ул.20 , Долно Лисиче ул.1 , О.У Гоце Делчев игралиште, Патот према Горно Лисиче после езерце Јасика, Парк позади Капитол во ТС бр.811, Ул.Лисец бр.152 и бр.120, Ул.Ѓорѓи Капчев бр.4, Ул.Божин Николов Силни бр.72, О.У Лазо Ангелевски, Парк Јане Сандански , О.У Ѓорѓија Пулевски, Ул.Васко Карангелески, Ул.23 Октомври ТС бр.567, О.У Димитар Македонски , Ул.Тодор Чангов ул.49 бр.7, Ул.Ѓорѓи Капчев ул.17 бр.5, Ул.Ернес Телман бр.19, Ул.Јован Кукузел бр.1Б и бр.11А, Паркот на Музиката, Ул.Богомилски Поход бр.52, Ул.Тодор Чангов бр.42, Игралиште пред МЗ Долно Лисиче, Долно Лисиче последна автобуска 31, Ул.Тодор Чангов бр.3,ул.57 бр.4, Ул.Божин Николов Силни бр.9,бр.20,бр.156, Реонски Центар бр.34 ,бр.28 , Бул.Јане Сандански бр.45, Ул.Ѓорѓи Капчев бр.2, Ул.1615 позади Хемиско, Бул.Јане Сандански бр.90 и бр.94, Ул.Симеон Кавракиров , Ул.Анастас Митрев бр.1, Ул.Венијамин Мачуковски , Ул.Пандил Шишков, Долно

Лисиче ул.20 после црква , Ул.Методија Шаторов Шарло бр.7 и бр.10, Ул.Коста Новаковиќ бр.48, Бул.АСНОМ бр.6,бр.8,бр.10/1,Ул.Тодор Чангов ул.48 бр.5б, Бул.В.С.Бато бр.7/1,27/2,13/3,13/2,15/1,17/1,25/3,25/4,61/1,65/1, Во парк спроти О.У Лазо Ангелески и Ул.Тодор Чангов 1 бр.18.

Во табелата што ја даваме во продолжение, описно е прикажано кои активности биле превземени за санација на дефектите на погоре наведените локации и потрошените средства за истото:

| Р. бр. | ОПИС | Единица мерка | Количини | Единечна цена без ддв | Вкупно без ддв |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ископ на ров III категорија со затрупување на еден кабел ( 0,4 x 0,8 ), заедно со пластични штитници и на предупредувачка лента - црвена "Внимание електричен кабел" | м | 2 | 250.00 | 500.00 |
| 2 | Набавка, транспорт и монтажа (полагање) на кабел PPOO-A 4 x 16 mm² (1KV) во ров | м | 22 | 180.00 | 3,960.00 |
| 3 | Изработка на суви кабловски завршници за сите пресеци на каблови | парче | 53 | 2,000.00 | 106,000.00 |
| 4 | Демонтажа на дотрајан (оштетен) столб заедно со светилката | парче | 5 | 500.00 | 2,500.00 |
| 6 | Набавка и монтажа на топлопоцинкуван двостепен столб со H = 4,5m (долниот дел со височина h=1 - 1.5m со ф 130-ф 140 / дебелина 3,5 -4,мм и горен дел со висина h=3 - 3,5м со ф60/ дебелина 2-3мм, ожичен со едно парче кабел PPOO 3 x 1,5mm²-l8m, топлопоцинкуван и во се согласно TS 914,EN ISO -1461 и важечките стандарди за метални столбови,VDE,EN со сите потребни тест извештаи . | парче | 7 | 7,000.00 | 49,000.00 |
| 11 | Вадење на бехатон плочки и нивна повторна монтажа (враќање во првобитна состојба) по завршување на работите | м$^2$ | 1 | 250.00 | 250.00 |
| 13 | Набавка, транспорт и монтажа на улична светилка од алуминиумско куќиште тип, комплет со сијалица – натриум висок притисок од 70W, со капа од калено стакло IK 09. Рефлектор од високо ефикасен алуминиум. Степен на заштита на светилката е IP 66 и на предспој. Прилагодлива на постоечки столбови. (ф60мм, ф76мм и др.) | парче | 13 | 5,200.00 | 67,600.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15 | Набавка, транспорт и монтажа на улична светилка од алуминиумско куќиште тип, комплет со сијалица – натриум висок притисок од 150W, со капа од калено стакло IK 09. Рефлектор од високо ефикасен алуминиум. Степен на заштита на светилката е IP 66 и на предспо. Прилагодлива на постоечки столбови. (ф76мм и др.) | парче | 4 | 5,500.00 | 22,000.00 |
| 16 | Набавка, транспорт и монтажа на осигурачи NVO 160/63 A | парче | 4 | 250.00 | 1,000.00 |
| 18 | Набавка, транспорт и монтажа на разводно ормарче комплет со изолирани разводни клеми и топлив осигурач D01/ E14 со патрон од 10А и постоље 16А или еквивалент, со транспарентен капак за монтажа внатре во столб со соодветна заштита минимум ИП54 или еквивалент | парче | 7 | 1,700.00 | 11,900.00 |
| 20 | Изработка на РАЈХЕМ спојница на разни типови на кабел | парче | 6 | 1,200.00 | 7,200.00 |
| 22 | Набавка и испорака на астрономски тајмер со географска одредница, за монтажа на шина, до 100 часа на автономна работа, 230V/45-60Hz/16A. | парче | 2 | 4,500.00 | 9,000.00 |
| 23 | Набавка, транспорт и полагање на самоносив кабел X00/0 A 2x16 mm² на дрвени и бетонски столбови од H=9m | м | 3 | 150.00 | 450.00 |
| 24 | Набавка, транспорт и монтажа на затегачи за самоносив кабел | парче | 9 | 100.00 | 900.00 |
| 29 | Набавка, транспорт и монтажа на еднокрака лира (одмастена пред фарбање, заштитена со минимум и обоена со двослојна завршна боја, боја по избор на инвеститор) за челичен столб столб, со должина од 0,5м до 1,5м , со димензија на редуцир ф89/ф76/ф60мм во долен (насаден) дел и ф60мм во горен (кос) дел, комплет со 4 штрафа м8. Агол или нагиб на лирата од 15°. | парче | 14 | 500.00 | 7,000.00 |
| 30 | Набавка, транспорт и монтажа на двокрака лира (одмастена пред фарбање, заштитена со минимум и обоена со двослојна завршна боја, боја по избор на инвеститор) за челичен столб, со должина на краци од 0,5м до 1м , меѓусебен агол од 90-180°, со димензија на редуцир ф89/ф76/ф60мм во долен (насаден) дел и ф60мм во горен (кос) дел, комплет со 4 штрафа м8. Агол или | парче | 1 | 560.00 | 560.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | нагиб на лирата од 15°. | | | | |
| 31 | Набавка, транспорт и монтажа на Натриумова сијалица VT 70W | парче | 95 | 1,800.00 | 171,000.00 |
| 32 | Набавка, транспорт и монтажа на Натриумова сијалица VT 100W | парче | 2 | 1,850.00 | 3,700.00 |
| 33 | Набавка, транспорт и монтажа на Натриумова сијалица VT 150W | парче | 13 | 1,850.00 | 24,050.00 |
| 34 | Набавка, транспорт и монтажа на Пригушница VT 70W | парче | 38 | 1,400.00 | 53,200.00 |
| 36 | Набавка, транспорт и монтажа на Пригушница VT 150W | парче | 6 | 1,450.00 | 8,700.00 |
| 37 | Набавка, транспорт и монтажа на Игнитор упаљач 70-400W | парче | 103 | 1,300.00 | 133,900.00 |
| 46 | Набавка, транспорт и монтажа на Фасонки Е-27 порцелански | парче | 19 | 250.00 | 4,750.00 |
| 48 | Набавка, транспорт и монтажа на кабел PGP 3x1,5 mm | м | 9 | 60.00 | 540.00 |
| 49 | Набавка, транспорт и монтажа на капак за канделабри - лимен | парче | 5 | 140.00 | 700.00 |
| 51 | Набавка, транспорт и монтажа на Автоматски осигурач 6 - 25 А | парче | 22 | 300.00 | 6,600.00 |
| 56 | Набавка, транспорт и монтажа на Катанец од нерѓосувачки челик | парче | 3 | 200.00 | 600.00 |
| 57 | Набавка, транспорт и монтажа на Комбинирани Al-Cu спојници 36-35 mm | парче | 22 | 430.00 | 9,460.00 |
| 82 | Набавка, транспорт и монтажа на штедлива сијалица за јавно осветлување од 23-30W (1400-2600lm) за фасонка Е27 | парче | 15 | 300.00 | 4,500.00 |
| 102 | Пуштање на светилка под напон на метален столб | парче | 43 | 130.00 | 5,590.00 |
| | | | **Вкупно** | | **717.110.00** |
| | | | **18% ДДВ** | | **129,079.80** |
| | | | **СЕ ВКУПНО** | | **846,189.80** |

Набавката и монтажата на материјалите се врши согласно Законот за јавни набавки. Изборот на најповолен понудувач за одржување на јавно осветлување го врши Комисијата за јавни набавки на јавен оглас.

***Прилог:***

- ***Детална табела на локации, извршена работа и потрошени средства***

## IV. НАДЗОР ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ПОВРЗАНИ СО ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

По однос на вториот налог за извршување на работи поврзани со тековно одржување на јавното осветлување, од страна на Надзорниот орган е добиена позитивна и целосна усогласеност на услугата по основ на дадениот налог за извршување на работите поврзани со тековно одржувањена јавното осветлување, односно дека работите кои се наплатиле се стварно изврешени, а цената како и квалитетот и кванитетот соодвестуваат на пресметката и условите согласно склучениот Договор.

Исто така, потенцирано е дека Изведувачот го има постигнато и запазено бараниот квалитет на работите, на реализираните активности и на вградените материјали, истовремено запазувајќи ги зададените рокови кои се презентирани во налогот за работа.

***Прилог:***

- ***Извештај за втора времена ситуација од извршен стручен надзор.***

## V. ИНФОРМАЦИЈА ВО ВРСКА СО НАСТАНАТИТЕ ШТЕТИ ВРЗ СИСТЕМОТ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ, ПРЕДИЗВИКАНИ ОД НЕВРЕМЕТО ШТО ЈА ЗАФАТИ ОПШТИНАТА 23.07.2023 ГОДИНА

По силното невреме што на 23.07.2023 ја зафати општина Аеродром, беше причинета голема материјална штета врз системот за јавно осветлување на повеќе локации низ општината. Во изминатиот период, ЈП на општина Аеродром заедно со општина Аеродром интензивно работеше на санирање на штетите/дефектите во системот на уличното осветлување.

Имено во изминатиов период беа демонтирани 13 оштетени столбови заедно со светилка, на дел на местата каде што се демонтирани веќе се наместени нови столбови заедно со улична светилка од алуминиумско куќиште тип, комплет со сијалица – натриум висок притисок од 70W, со капа од калено стакло

IK 09, рефлектор од високо ефикасен алуминиум, степен на заштита на светилката е IP 66 и на предспој, прилагодлива на постоечки столбови (ф60мм, ф76мм и др.).

Исто така, извршена е набавка, транспорт и полагање на самоносив кабел X00/0 A 2x16 mm² на дрвени и бетонски столбови од H=9m во должина од 520 метри, како и затегачи за самоносивиот кабел.

| Р. бр. | ОПИС | Единица мерка | Количини | Единечна цена без ддв | Вкупно без ддв |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на суви кабловски завршници за сите пресеци на каблови | парче | 15 | 2,000.00 | 30,000.00 |
| 2. | Набавка, транспорт и монтажа на конзола за монтажа од 2 до 4 рефлектори, профил 60x40мм со должина од 1,2 до 1,5м (одмастена пред фарбање, заштитена со минимум и обоена со двослојна завршна боја, боја по избор на инвеститор) за челичен столб, со димензија на редуцир ф89/ф60мм. | парче | 13 | 500.00 | 6,500.00 |
| 3. | Набавка, транспорт и монтажа на улична светилка од алуминиумско куќиште тип, комплет со сијалица – натриум висок притисок од 70W, со капа од калено стакло IK 09. Рефлектор од високо ефикасен алуминиум. Степен на заштита на светилката е IP 66 и на предспој. Прилагодлива на постоечки столбови. (ф60мм, ф76мм и др.) | парче | 13 | 5,200.00 | 67,600.00 |
| 4. | Набавка, транспорт и полагање на самоносив кабел X00/0 A 2x16 mm² на дрвени и бетонски столбови од H=9m | м | 520 | 150.00 | 78,000.00 |
| 5. | Набавка, транспорт и монтажа на затегачи за самоносив кабел | парче | 43 | 100.00 | 4,300.00 |
| 6. | Набавка, транспорт и монтажа на импрегриран дрвен столб со висина од 9м, ф220-ф240мм во долен дел и ф160-ф180мм во горен дел. | парче | 13 | 10,000.00 | 130,000.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Ископ на дупки во земја III категорија за дрвени столбови, Ф300 - Ф400 мм, со длабочина од 1,5 м, комплет со затрупување, набивање и одвоз на вишокот земјан материјал на депонија по завршување на работите. | парче | 13 | 1,500.00 | 19,500.00 |
| 8. | Набавка, транспорт и монтажа на кабел PGP 3x1,5 mm | м | 40 | 60.00 | 2,400.00 |
| 9. | Набавка, транспорт и монтажа на капак за канделабри - лимен | парче | 13 | 140.00 | 1,820.00 |
| 10. | Набавка, транспорт и монтажа на Патрон ножест 35 - 125 А | парче | 12 | 350.00 | 4,200.00 |
| 11. | Набавка, транспорт и монтажа на Склопка 80А | парче | 1 | 1,600.00 | 1,600.00 |
| 12. | Набавка, транспорт и монтажа на Комбинирани Al-Cu спојници 36-35 mm | парче | 26 | 430.00 | 11,180.00 |
| | | | **Вкупно** | | **363,600.00** |
| | | | **18% ДДВ** | | **65,448.00** |
| | | | **СЕ ВКУПНО** | | **429,048.00** |

Управниот одбор на ЈП за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром и Советот на општина Аеродром ја разгледаа и ја усвои Информацијата од информативен карактер, а во врска со настанатите штети врз системот на јавно осветлување на општина Аеродром, предизвикани од невремето што ја зафати општина на 23.07.2023 година.

## VI. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во продолжение табеларен приказ на потрошувачка во денари со компарација јули – септември 2022/ јули – септември 2023 година:

| **Разлика во денари за откуп на електрична енергија за јавно осветлување<br>Компарација јули – септември 2022/јули – септември 2023** | | | |
|---|---|---|---|
| **Месец** | **Година** | **Денари** | **Разлика во денари** |
| Јули | 2022 | 5.590.120,00 | 3.947.830,00 |
| | 2023 | 1.642.290,00 | |
| Август | 2022 | 7.894.698,00 | 5.999.757,00 |
| | 2023 | 1.894.941,00 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Септември | 2022 | 2.266.688,00 | 131.051,00 |
| | 2023 | 2.135.637,00 | |
| | | **Вкупно:** | **10.076.638,00** |

Во продолжение табеларен приказ на потрошена елетрична енергија во kWh, јули – септември 2023 година:

| **Разлика во потрошената електрична енергија за јавно осветлување Компарација јули- септември 2022/ јули-септември 2023** | | |
|---|---|---|
| **Месец** | **Година** | **KWh** |
| Јули | 2022 | 175.546,00 |
| | 2023 | 146.218,00 |
| Август | 2022 | 188.819,00 |
| | 2023 | 165.204,00 |
| Септември | 2022 | 141.622,00 |
| | 2023 | 181.247,00 |

Трошок за откуп (плаќање) на електрична енергија во 2023 година – Овој трошок претставува главна компонента за да се направи откуп (плаќање) на електрична енергија со цел да се сервисира јавното осветлување на територијата на општина Аеродром и е во износ од **5.672.868,00 денари** за месеците јули, август и септември 2023 година.

| **Бруто Биланс – ЈП на општина Аеродром 01.07.2023 – 30.09.2023** | | **Износ во денари** |
|---|---|---|
| **1.** | **Трошоци за набавка на електрична енергија** | |
| **1.1** | Електрична енергија за јавно осветлување | 4.240.015,00 |
| **1.2** | Дистрибуција на електрична енергија | 1.432.853,00 |
| **1.3** | Трошоци за тековно одржување за потребите на ЈП | 846.190,00 |
| **1.4** | Надзор на работи поврзани со тековно одржување | 8.462,00 |
| **2.** | **Трошоци за услуги** | |
| **2.1** | Сметководствени услуги | 30.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **2.2** | Адвокатски услуги | 54.000,00 |
| **2.3** | Банкарски услуги – провизии | 4.879,00 |
| **3.** | **Трошоци за плати, управен и надзорен одбор** | |
| **3.1** | Плати, управен и надзорен одбор | 343.290,00 |
| **3.2** | Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плати | 35.138,00 |
| **3.3** | Придонеси од задолжително социјално осигурување | 78.172,00 |
| | ВКУПНО: | **7.072.999,00** |

***Прилог:***

- ***Сметководствено детален преглед за период јули-септември 2023 – Бруто Биланс***

**Скопје, 2023 година**

**ЈП на општина Аеродром**

**Директор**

**Благоја Ѓорѓиевски**

Јавно претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром Скопје

Јавно претпријатие за стопанисување на
јавно осветлување на општина Аеродром

Бр. 02-147/1
26-10-2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 27 став 3 и став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РСМ бр.38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15. 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 89/2022 и 274/22) и член 34 став 3 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром („Службен гласник на општина Аеродром" бр. 12/22), Надзорниот одбор на својата 6-та седница одржана на ден 26.10.2023 година го донесе следното

# М И С Л Е Њ Е

1. Се прифаќа Тримесечниот финансиски извештај кои содржи показтели за финансиското работење за остварените резултати од работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром за периодот Јули - Септември 2023 година

2. Мислењето да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром, до Министерство за финансии и Министерство за транспорт и врски.

Надзорен одбор за контрола на
Материјално-финансиско работење
на ЈП на општина Аеродром
Претседател

Јавно претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром
Скопје

Ненад Јовановски

Јавно претпријатие за стопанисување на
јавно осветлување на општина Аеродром

Бр. 02 - 146 /2
26 -10- 2023 год.
Скопје

Управниот одбор на ЈП за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром на предлог на В.Д Директорот на ЈП, а врз основа на член 26 став 2, точка 8 од Статутот на ЈП за стопанисување на јавно осветлување, а согласно член 19 став 2, точка 8 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) на својата четиринаеста редовна седница одржана на ден 26.10.2023 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за давање согласност на Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП за стопанисување на јавно осветлување

1. Со оваа Одлука се дава согласност на Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП за стопанисување на јавно осветлување, за период ( јули, август и септември 2023 година ).
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

Трошок за откуп (плаќање) на електрична енергија – Овој трошок претставува главна компонента за да се направи откуп (плаќање) на електрична енергија со цел да се сервисира јавното осветлување на територија на општина Аеродром. Вкупните трошоци се во износ од 5.672.868,00 денари за период (јули, август и септември 2023 година).

Останатите трошоци - Во оваа група се класифицираат трошоците кои се настанати како резултат на работењето, односно вршење на деловните активности на јавното претпријатие, обврски за плати, придонеси, услуги од други (сметководствени услуги, адвокатски услуги, телефонски услуги, надворешни услуги и интелектуални услуги за Управен и Надзорен одбор), матријални трошоци, банкарски трошоци (провизии) се во износ од 1.400.131,00 денари за месеците јули, август и септември 2023 година.

**Вкупните трошоци за период јули - септември се во износ од 7.072.999,00 денар**.

Претседател на Управен одбор

Николче Златевски

Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром Скопје

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( "Службен весник на Република Македонија" број 05/02) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) Советот на Општина Аеродром на 35-та седница одржана на ден 01.12.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

за давање согласност на тримесечен извештај (јули, август и септември 2023 година) за финансиско работење на Јавното претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на Општина Аеродром

**Член 1**

Се дава согласност на тримесечен извештај (јули, август и септември 2023 година) за финансиско работење на Јавното претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на Општина Аеродром, усвоен од управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на Општина Аеродром со Одлука број 02-146/2 од 26.10.2023 година

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Аеродром".

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Дејан Митески